ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКРЕТАР

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Број: 21 -4711/15
Датум: 09.07.2021
Скопје

Врз основа на член 52, став 1 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.257/19 и 14/20 ), се донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по пат на интерен оглас**

1.За извршител за работното место – УПР0101Г01000, Самостоен референт- Администрирање на работите на урбаните и месните заедници, во Одделението за прашања од областа на месната самоуправа, Сектор за поддршка на Градоначалникот, се избира кандидатот Виктор Божиновски.

2.Именуваниот од точка 1 на оваа одлука ќе биде унапреден на работното место по завршување на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во согласност со член 48 од Законот за административните службеници, на 01.07.2021 година на веб страната на Општина Карпош и на веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на работно место Самостоен референт- Администрирање на работите на урбаните и месните заедници, во Одделението за прашања од областа на месната самоуправа, Сектор за поддршка на Градоначалникот. Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение бр. 21–4711/11 од 05.07.2021 година, донесено од страна на Секретарот на Општина Карпош изготви ранг – листа, што со Записник бр. 04-4711/13 од 09.07.2021 година, ја достави до Секретарот на Општина Карпош.
Врз основа на Записникот со ранг – листата, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk; sekretar@karpos.gov.mk*

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на Општина Карпош.

СЕКРЕТАР
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стојан Алексов

Доставено до:
- Именуваниот,
- Одделението за човечки ресурси и
- Архивата на Општина Карпош